









**Ве подржуваме директно, при што нудиме совети за сите Ваши прашања и индиректно преку:**

- Застапување на Вашите интереси и права пред инспекциските органи
- Давање мислења и ставови за донесување на нови и измена и дополнување на закони и подзаконски акти кои се однесуваат на занаетчиите
- Подобрување на имиџот на занаетчиството
- Избор и ангажирање на експерти за Ваше усовршување
- Подобрување на квалитетот и имиџот на стручното образование и обука која создава кадар за занаетчиството кои се спремни директно да се вклучат во процес на работа
- Лобирање за поволни услови и клима за развој на занаетчиството
- Давање мислење, забелешки за законските и политичките прилики
- Вклучување и ангажирање во комисии, органи и совети во органите и институциите на локалната самоуправа и државата
- Воспоставување и негување на контакти со институции, органи, здруженија, општествени групи во земјата и странство за изедначување на условите за занаетчиството
- Вие сте појдовна точка и цел на нашата работа




**ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА**

Тел/факс : + 389 3 237 850;

e-mail: info@zkomora.com.mk;

snezana.denkovska@zkomora.com.mk

**www.zkomora.com.mk**

**FB: Zanaetciska Komora Skopje Skopje**






# ЗОШТО ДА СТАНАМ ЧЛЕН НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ?

## ЗДРУЖЕНИ СМЕ ПОЈАКИ!

**Наш придонес за Вашето работење!**

**Членарина која ќе Ви се исплати!**

Ние го застапуваме
Вашето претпријатие / дуќан како и уште
други 5000 претпријатија / дуќани во
Градот Скопје.
Вашите интереси се наша заложба.





Основана е на 24 декември 1932 година во Просветниот дом со територијална надлежност на Вардарска бановина.




## ПРЕДНОСТ ДА СЕ БИДЕ ЗАНАЕТЧИЈА!

1. Упис, промена и престанок во регистарот на занаетчии се врши преку едношалтерски систем и не Ви е потребна правна помош, едно место, едно лице, еден документ, добивате упис во Регистар на занаетчии, упис во Централен регистар, печат, жиро сметка, пријава за ХТП, засновање на работен однос со М1/М2 обрасци.
2. Најниска цена за започнување мал и микро бизнис
3. Изготвување на МПИН декларации за паушално оданочени занаетчии
4. Просто сметководство кое може да го водите сами или преку овластен сметководител но по пониска цена
5. Можност за паушално оданочување за ниско доходовни дејности по барање на занаетчијата со што не постои обврска за водење сметководство и фискална каса
6. Постои можност за привремено запирање со работа поради намален обем на работа, болест, реновирање, подолг годишен одмор, за кој период мируваат обврските за даноци и придонеси
7. Пониска комунална такса за фирма - 2.400,00 ден за реално оданочените и 700,00 ден за паушално оданочените занаетчии
8. Немање обврска за плаќање данок на добивка
9. Ослободување од персонален данок за период од 3 години под услов да работите уште 3 години доколку за прв пат отпочнувате бизнис
10. Немање на обврска за подигање плата, туку само придонеси за ПИО и ЗО
11. 10 пати пониски казни за сторени прекршоци отколку за правни лица ДОО и ДООЕЛ
12. Едноставни елаборати за заштита на животна средина кои ги изготвува комората во форма одобрена од Министерството за заштита на животна средина
13. Систематски прегледи по поволни цени
14. Немање на обврска за пријавување работно време во ЦРМ со обврска само да се истакнете работно време на видно место
15. Организирани обуки и изработка на елаборати за заштита и здравје при работа

### НИЕ СМЕ ТУКА ЗА ВАС!

**Да имаш право и да добиеш правда е твое неприкосновено право!**
**Комората Ви пружа правна помош**

### АЈДЕ ВО ЗАНАЕТЧИСТВО!

Сакате да станете мајстор, сакате да се квалификувате, доквалификувате, обуки, семинари, доживотно учење за занаетчиски струки и занимања,каде?

### Во Комората !

Сакате ученици на практична обука, заверка на договор?

Обратете се во комората.

Сакате да ги преминете националните граници,информација за меѓународни саеми?

### ЈАВЕТЕ СЕ ВО КОМОРАТА

Сакате размена на искуство и мислење?

Комората организира советување и обуки заактуелни теми, нови техники и технологии.

Односи со јавност,работа со медиуми, обраќање до јавноста за проблемите на занаетчиите.

## КОМОРАТА Е ВАШ ДОМ
## ПОВЕЛЕТЕ ДОЈДЕТЕ
## ВРАТИТЕ ВИ СЕ СЕКОГАШ
## ОТВОРЕНИ !



